Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.1/2022
31.01.2022 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Т.П поднесено на 19.01.2022 година, Основниот суд Гевгелија на ден 31.01.2022 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од Т П, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Вкупен број на силувања по години 2010-2020 СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од Т П, имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ја доставуваме информацијата:

Вкупен број на силувања по години 2010-2020

- Возраст на сторителот: двајца сторители по 25 години, 1 сторител на 45 години и еден сторител на 55 години возраст;
- Образование на сторител: тројца сторители со основно образование, еден сторител со средно образование;
- Националност на сторител: тројца македонци и еден македонец муслиман;
- Брачен статус на сторител: еден сторител женет со деца, двајца сторители се неженети и еден сторител разведен;
- Економски статус: двајца сторители вработени во приватна фирма и двајца сторители невработени;
- Период на извршување на делото: еден сторител делото го сторил во пролет, еден сторител во лето и двајца сторители делото го сториле во зима;
- Вкупен број на сторители по пол: четири сторители се со машки пол и
- Место на извршување на делото: четири дела се сторени во урбана средина.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 31.01.2022 година, под СПИ.бр.1/2022 од 31.01.2022 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Павле Тунев-Раководител на оддел